

**"Нема таква сила што ќе ме спречи да ги завршам иконите. Јас живеам за нив и со нив. Сите мои дамари, цела енергија и бит се тука, во нив и низ нив"... никогаш не заминав од мојот народ, зошто во кој народ ќе се родиме тоа е волја на Големиот Творител, прст Божји на астрални и физички светови, кои ги добиваме преку сопствениот народ...**

Сликарот **Георги Даневски** живее и работи во Канада. Посветеник на сликарството, тој живее од и за уметност. ,,Да бев роден како Бог, ќе цртав со светлина, но, роден сум како човек и цртам со бои и креативна преокупација, вели Даневски". До крајот на идната година треба да го заврши живописањето на црквата „Свети Димитрија Солунски" во Маркхам, Торонто.

**Каков предизвик е живописање црква за современ сликар?**

Моќ да опуштиш и да ја совладуваш просторноста при тоа давајќи и живот, повеќеслојна одговорност на сижето во спојувањето со карактеристична техника на ликовноста и материјалот, всушност авторот е дел од пламенот што се нарекува уметност и креација.

Потребата на човека за спиритуалност никогаш не изостанала во еволуцијата на

неговото битисување низ времињата и додека постои самиот ќе гради сакрални објекти зашто му треба вера преку која општи со Бога.
И навистина предизвик е раскошот на светото писмо да го имаш како задача во исполнување на својата професија, тоа личи на многу гласна химна.

**Во 21 век да се работи според канонитe на византискиот живопис**.



Значи да се направи мост со минатото и иднината- Канонот не е параван зад кој се крие честопати стереотипно копирање, инфериорност и релативни незнаења и симулирања, што го убиваат животот на уметноста.

Канонот е создаден од светите отци како кодекс и систем да го штити светото достоинство на светото писмо, систем да го предава дидактички огромниот материјал на стариот и новиот завет, како систем за заштита од изопачување, анархизми, фалсификати.

Живописот во поголем дел е завршен, останува да се заврши помалку од една четвртина. Би требало проектот да се заврши за период од 6 до 9 месеци, преизвикот и делото на македонскиот сликар со меѓународно реноме Георги Даневски ја завршува фазата на фрескоживописањето на македонската црква „Св. Димитрија Солунски“ во градот Маркам, во северниот дел од пошироката зона Торонто.  „Љубовта кон Бога го инспирирала Георги Даневски да наслика мурал на ѕидовите и на таванот на црквата во Маркам“. „Уште кога ги турнав тешките порти на црквата очекував да видам осаменост типична за религиозната уметност, темни бои и бледи ликови. Се изненадив од ликовите

што ги покриваат ѕидовите и плафонот на црквата, пребогати со бои и со детали. Портретите на светците и сцените од христијанската историја се преплетуваат во живи сенки од црвена, сина, зелена и од пурпурна боја опточени со 24- каратно злато“. Фрескоживописот на кој авторот работи веќе четири години, шест дена во неделата и тоа по 10, 12, па дури и 14 часа на ден, според канадскиот новинар е, најверојатно, најголемо уметничко дело што во моментов се слика во Северна Америка. Фрескоживописот во црквата „Свети Димитрија Солунски“ се слика на површина од 600 квадратни метри, а Даневски предвидува да го заврши до август 2010, кога се најавува голема свеченост по повод неговото осветување. Георги Даневски важи за еден од водечките современи ликовни уметници на Канада.



Уметникот Даневски е автор и на фрескоживописот во Соборната црква "Св. Климент Охридски" во Скопје, како и на истоимената најстара и најголема македонска црква во Торонто, и други цркви во Македонија, САД и Канада.

Стотиците ликови на светци, ангели и селани, манифестираат радост и болка, љубов и омраза, а ги цитира и зборовите на Даневски дека самото сликање на фрескоживописот, како и резултатот "се славење на љубовта - кон Бога, хуманоста и убавината". Ова е наголемо уметничко дело во Северна Америка.

Фрескоживописот во црквата "Свети Димитрија Солунски" се слика на површина од 600 квадратни метри.

Градските татковци на Маркам веќе ја сметаат црквата "Свети Димитрија Солунски" за извонредно важен културен споменик на градот и уште сега најавуваат голема свеченост при неговото отворање со присуство на високи гости од Федералната влада, како и од Македонија.



**Даневски :** Животот на човекот понекогаш личи на едро на кораб, примајќи ги ветровите, а секогаш неизбежен е кармичниот расплет.

Зборот заминување - вели Даневски - никогаш не заминав од мојот народ, зошто во кој народ ќе се родиме тоа е волја на Големиот Творител, прст Божји на астрални и физички светови, кои ги добиваме преку сопствениот народ.

**Даневски :** Како човек јас сум тежок работник и низ работата се борам за моето човечко достоинство. Тоа е "пасошот" со кој ја отворам вратата на уметноста. А таа врата е чудесна и отвора невидени простори со огромни енергии соткаени од љубов.

Таму суштествува тајната, која може да го победи времето, но не е лесно да го пречекориш тој праг.

Да се биде уметник, да ги сфатиш пораките и да бродиш по струите на Алтамира до совршенствата на Фајумските портрети, да размислиш за аксиомата "Тешко на победените", опкружена со чудесните релјефи на Месо потамија, прекрасните скулптури на хеленизмот и Рим, нема прекин на големите знаења и дека арабескниот ток на линијата е вечност.

Уметноста е Божја сфера во човековата природа, затоа е ретка и не е дадена секој да ја прави.

Но, во една друга насока, за Македонија и за судбината на мојот народ имам жив интерес за се што се случува.

Кога империите замираат, страдаат народите. Нашата несреќа на распарчување трае повеќе од сто години. Во случувањата во минатото силите ги штитеа своите интереси и ја миеја својата совест, внесувајќи ги во Македонија нечистотиите како отпадок на некоја "цивилизација". Со желбата да ни го сменат името сакаат да ни го зададат последниот удар од кој враќање нема (брзаат и нервозни се зошто го чувствуваат можниот пресврт).

Име на земја и на народ кум може да им биде само Господ Бог и милениумите, според тоа, неменливо е името.





[illegible]



[ПОРТФОЛИО НА ГЕОРГИ ДАНЕВСКИ]